09-2352/8
22-11-2024

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 10 - та седница, одржана на 08.11.2024 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

Наводите од пријавата заведена под број 09-2352/1 од 13.09.2024 година, за постоење на судир на интереси кај членот на ---------- на Република Северна Македонија, --------- при извршување на неговите службени овластувања, СЕ ПОТВРДУВААТ.

СЕ КОНСТАТИРА дека членот на ---------- на Република Северна Македонија ---------- при извршување на своите службени овластувања во постапката поведена по нејзино Барање за поведување постапка за утврдување на одговорност на судии на -------- на Република Северна Македонија за донесена пресуда во предметот РЕВ 1 бр.158/2019, заведено под број 10-93/1 од 21.11.2023 година, постапила спротивно на член 73 став 1 и член 75 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и спротивно на членот 33 став 4 од Законот за судскиот совет.

Против службеното лице ---------- - член на --------- да се поведе постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог за сторен прекршок на член 75 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 107 став 1 алинеја 2 од истиот закон.

Врз основа на член 17 став 1 точка 4, а во врска со член 73 став 1 и член 75 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси во врска со членот 34 став 4 од Законот за судскиот совет, да се поднесе иницијатива до ---------- на Република Северна Македонија за поведување на постапка за утврдување на одговорност на членот на ----------, ----------.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето, а примерок од одлуката да се достави до службеното лице, подносителот на пријавата, ---------- на Република Северна Македонија и --------- на Република Северна Македонија.

Образложение

Од страна на познат подносител на ден 23.07.2024 година поднесена е пријава бр. 12-2050/1, по која е оформен предметот број 09-2352/1.

Имено, во пријавата се наведува дека ---------- како член на -------- поднела Барање до ---------- на Република Северна Македонија за поведување на постапка за утврдување на одговорност на судии на ---------- на Република Северна Македонија, кои биле членови на советот кој одлучувал по вонреден правен лек – ревизија во предметот РЕВ1бр.158/2019. Се наведува дека во предметот заведен пред ---------- на РСМ под број РЕВ1 10/2017, кој е основ за поведување на постапката по која е оформен предметот РЕВ1 бр.158/19, таму тужителот поднел одговор на ревизија преку полномошник Адвокатско друштво --------- од Скопје, каде основач е и обавува адвокатска дејност сестрата на членот на ----- кој е подносител на Барањето за поведување постапка за утврдување одговорност на судијата на --------- на РСМ. Подносителот смета дека наведената околност упатува на судир на интереси и го доведува под сомнеж непристрасното вршење на функцијата член на ------ на РСМ. Исто така, се наведува дека именуваната како член на --------, ја повела постапката за утврдување одговорност на судиите, иако самата посочува дека ------- на РСМ со решение број 10-45/4 од 01.06.2023 година веќе одлучил по барање од ------ од Скопје за поведување на постапка за утврдување одговорност на членовите на судечкиот совет при ---------- на РСМ кои постапувале по предметот РЕВ1бр.158/2019, при што ова барање било отфрлено како нецелосно и очигледно неосновано. Од наведеното произлегува дека подносителот поведува постапка за веќе одлучено барање без повикување на одредба од Законот за судскиот совет што го овозможува тоа, што според пријавителот го нарушува принципот на правна сигурност и го зајакнува мислењето за постоење на приватен интерес за иницирање на постапката за утврдување одговорност на судии, како и за пристрасност во вршење на функцијата член на ------ на РСМ. Кон барањето се доставени прилози и тоа Барање за поведување постапка за утврдување на одговорност на судија поднесено од член на -------, ----------, Дополнување на барање за поведување постапка за утврдување одговорност на судија, Пресуда на -------- на РСМ РЕВ1 бр.158/2019 од 26.01.2021 година и Решение на --------- на РСМ РЕВ 1.бр.10/2017 од 16.05.2018 година.

ДКСК заради утврдување на фактичката состојба достави Барање за прибирање на податоци и информации и тоа до подносителот на пријавата, до Централниот регистар на РСМ и до Судскиот совет на РСМ.

На ден 18.10.2024 година до ДКСК е доставен поднесок за прецизирање на пријава, во која се посочува дека името и презимето на сестрата на членот на -------- ----------, која обавувала адвокатска дејност во Адвокатското друштво -------- е ---------. Како дополнување на пријавата, приложи извадок од Записникот од одржаната расправа пред -------- на РСМ на 20.09.2024 година, по повод барањето за утврдување одговорност на судии на --------- на РСМ кои постапувале по предметот РЕВ1.бр.158/2019, од кој е видно дека самиот подносител ---------- потврдува дека нејзината сестра е еден од сопствениците на Адвокатското друштво ---------- од Скопје кое го застапувало -------- Скопје во сопственост на ---------, иницијатор на постапката за утврдување на одговорност на членовите на советот кои ја донеле пресудата РЕВ1.бр.158/2019 од 26.01.2021 година.

Видно од добиениот податок од Централниот регистар на РСМ за тековната состојба и историјат на промени на Адвокатско друштво --------- Скопје е дека на ден 13.08.2007 година во Регистарот на други правни лица што се води во Централниот регистар на РСМ е запишано основањето на Адвокатското друштво ---------- Скопје, а негови сопственици/основачи и овластени лица се ---------- и ----------. На 09.12.2009 година е запишана промена на лични податоци на основач и овластено лице, така што да гласат ---------. Во 2011 година е извршена промена на називот на друштвото кој гласи Адвокатско друштво ---------- Скопје. Со Решение на ЦР на РСМ бр.04-635/1 од 26.08.2024 година се констатира истапување на адвокат ---------- од Скопје како адвокат-основач на Адвокатско друштво ---------- од Скопје сметано од 22.08.2024 година, а промената е запишана во регистарот на ден 29.08 2024 година.

Видно од Барањето за поведување постапка за утврдување на одговорност на судија, заведено под арх.бр.10-93/1 од 21.11.2023 година, доставено од -------- на РСМ е дека истото е поднесено од членот на -------- ---------- до ---------- на РСМ, против судиите на ---------- на РСМ ---------, ---------- и ----------, поради тоа што смета дека истите постапувајќи во предметот РЕВ 1.бр.158/19 при донесување на пресудата РЕВ1-158/19 од 26.01.2021 година постапиле нестручно и несовесно при вршењето на судиската функција во смисла на член 74 став 1 алинеја 2 од Законот за судовите поради намерно и неоправдано направена крупна професионална грешка од член 76 став 1 точка 1 од истиот Закон.

Од Записникот од расправата одржана во -------- на РСМ на ден 20.09.2024 година по повод Барањето за поведување постапка за утврдување на одговорност на судија, заведено под арх.бр.10-93/1 од 21.11.2023 година, е видно дека подносителот на барањето --

------- во своето произнесување по барањето потврдува дека нејзината сестра е еден од сопствениците на Адвокатското друштво ---------- и дека е факт дека истото адвокатско друштво ја застапувало ---------- во предметите кои претходеле на пресудата РЕВ1-158/19, како и дека ---------- е втора братучетка на нејзиниот зет, но негира дека тоа е причината за поднесување на предметното барање. Исто така, видно од Записникот е дека подносителот на барањето до крајот на постапката по барањето останал при поднесеното барање и изјавил дека нема намера да ја докажува својата непристрасност.

Од увидот во одлуките на ---------- на Република Северна Македонија РЕВ1.бр.10/2017 од 16.05.2018 година и РЕВ1.бр.158/2019 од 26.01.2021 година, како и од самото Барање за поведување постапка за утврдување на одговорност на судија, се утврдува дека се водела граѓанска судска постапка по тужба на тужителот ---------- Скопје против туженият --------. Скопје, за надомест на штета во вредност од 205.156 евра. Основниот суд Скопје II Скопје со Пресуда ТС-499/14 од 02.04.2015 година го усвоил тужбеното барање на тужителот за надомест на вон договорна штета во износ од 205.156 евра со камата сметано од 23.05.2005 година до исплатата и трошоци на постапката во вкупен износ од 513.040,00 денари. Апелациониот суд во Скопје со Пресуда ТСЖ-2716/15 од 14.10.2016 година ја потврдил Пресудата на Основниот суд Скопје II Скопје ТС-499/14 од 02.04.2015 година. Врховниот суд на РСМ, одлучувајќи по Ревизијата изјавена од туженият ------ Скопје, донел Решение РЕВ1 бр. 10/2017 од 16.05.2018 година со кое ја усвоил Ревизијата, ги укинал пресудите на Апелациониот суд во Скопје ТСЖ-2716/15 од 14.10.2016 година и на Основниот суд Скопје II Скопје ТС-499/14 од 02.04.2015 година и предметот го вратил на повторно судење. **Во постапката по вонредниот правен лек – ревизија полномошник на тужителот --------- Скопје, било Адвокатското друштво --------- од Скопје чиј основач и сопственик е сестрата на членот на ---------- кој го поднесува Барањето за утврдување одговорност на судија.** По донесување на Решението РЕВ1 бр. 10/2017 од 16.05.2018 година со кое била укината извршната исправа, при повторното судење тужбата на тужителот Друштво за производство, шпедиција, маркетинг, пропаганда и филм --------- од Скопје, за надомест на штета во вредност од 205.156 евра била отфрлена со решение ТС-185/18 од 02.11.2018 година поради немање странка во постапката затоа што правниот субјект со дејствија преземени од страна на -------- од Скопје во меѓувреме бил избришан од Централниот регистар на РМ. Имено, -------- како единствен содружник и управител на доверителот по извршната исправа ТС-499/14 од 02.04.2015 година, по извршената присилна наплата на паричните средства во износ од 21.263.107,00 денари, располагала со средствата и поднела пријава со ЦРРМ за спроведување на ликвидација на Друштвото ---------- Скопје каде била назначена како ликвидатор и по спроведена постапка за ликвидација правниот субјект бил избришан од трговскиот регистар. Заради тоа Трговско радиодифузно друштво ------ Скопје завел судски спор против тужените Друштво за производство, шпедиција, маркетинг, пропаганда и филм ------ од Скопје и ----

----- од Скопје, за надомест на штета во вредност од 21.263.107,00 денари со камата. Во таа постапка Основниот суд Скопје II Скопје донел пресуда ТС1-86/18 од 06.02.2019 година со која го одбил како неосновано тужбеното барање да се задолжи тужената ------ од Скопје како основач, управител и ликвидатор на туженият Друштво за производство, шпедиција, маркетинг, пропаганда и филм --------- од Скопје да му исплати на тужителот Трговско радиодифузно друштво --------- Скопје паричен износ од 21.263.107,00 денари со камата и трошоци на постапката. Апелациониот суд во Скопје со Пресуда ТСЖ-775/19 од 06.05.2019 година ја уважил жалбата на тужителот, ја преиначил пресудата на Основниот суд Скопје II Скопје и пресудил на начин што го усвоил тужбеното барање на тужителот и ја задолжил тужената ---------- од Скопје како основач, управител и ликвидатор на туженият Друштво за производство, шпедиција, маркетинг, пропаганда и филм -------- од Скопје да му исплати на тужителот Трговско радиодифузно друштво ------- ДОО Скопје паричен износ од 21.263.107,00 денари со камата и трошоци на постапката. ------ во совет составен од судиите --------- – претседател на советот, ---------, ----------, ---------- и --------- – членови на советот **одлучувајќи по Ревизијата на второтуженатa ---------- од Скопје донел Пресуда РЕВ1 бр.158/2019 од 26.01.2021 година со која ревизијата ја одбил како неоснована.**

Од наведеното јасно произлегува дека членот на --------- поднел Барање за поведување постапка за утврдување на одговорност на судии кои биле во судечкиот совет кој ја донел Пресудата РЕВ1 бр.158/2019 од 26.01.2021 година, со која била одбиена ревизијата поднесена од ----------, чиј полномошник во врска со истата правна работа било Адвокатското друштво ---------- од Скопје во сопственост на сестрата на членот на ----------.

Државната комисија, имајќи ја предвид вака утврдената состојба во предметот, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука, раководејќи се од следните причини и законски одредби:

Имено, начелото на интегритет е дефинирано во членот 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, според кое:
1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.
(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.
(3) Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности

не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице.

Согласно со членот 73 од истиот закон:
1) Ако службено лице учествува во расправа на орган или тело во кое се одлучува за работи за кои тоа или блиско лице има приватен интерес, службеното лице е должно да го пријави постоењето на приватниот интерес и да се изземе пред расправата и одлучувањето, а најдоцна пред почетокот на одлучувањето.
(2) Органот или телото на чија седница лицето од ставот (1) на овој член го соопштил постоењето на приватен интерес, е должно тоа да го констатира и внесе во записник.
(3) Прикривањето на постоење приватен интерес од страна на службеното лице претставува повреда на должноста и основа за покренување постапка за утврдување на одговорност и изрекување на мерки согласно со овој закон.

Согласно со членот 75 од истиот закон:
(1) Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување.
(2) Службеното лице ќе биде изземено од вршењето на определено дејствие со одлука на органот во кој е избрано или именувано, односно каде што врши функции, јавни овластувања или службени должности и по барање на заинтересирано лице кое дознало за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси.

Според членот 8 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, под поимот „блиски лица" се подразбираат лицата во брачна или вонбрачна заедница со службеното лице, роднини по крв во права линија и во странична линија до четврт степен, роднините по сватовство до втор степен, како и секое физичко или правно лице со кое службеното лице има финансиски интерес.

Согласно со членот 33 став 4 од Законот за судскиот совет, член на Советот, освен во случаите предвидени во ставот (1) на овој член, доколку во вршењето на својата функција дознае за постоење на околности кои може да предизвикаат сомневање во неговата непристрасност, е должен веднаш за тоа да го извести Советот, кој ќе донесе соодветна одлука.

Со оглед дека блиско лице – сестра на членот на -------- била полномошник од редот на адвокатите на странката која ја изгубила постапката пред ---------, не само што членот на -------- не би смеел да постапува, тој дотолку повеќе не би смеел да се јави како

иницијатор за поведување на постапка за утврдување одговорност на судиите кои постапувале во тој предмет каде негово блиско лице има или имало приватен интерес. Всушност, приватниот интерес на блиското лице на членот на -------, кое во случајов има интерес странката која ја застапува да успее во постапката и на тој начин и за себе да оствари материјална и друга корист, е во судир со службените должности на службеното лице, член на ----------.
Гледано пошироко, потенцијалните последици од игнорирањето на состојба на судир на интереси на членови на ----------, кои вршат надзор и контрола над работата на секој судија, создаваат можност од влијание, вршење притисок врз судиите кои постапуваат и одлучуваат во предмети во кои членовите на ---------- имаат блиски лица, со што на директен начин се влијае на самостојноста и независноста на судската власт, која самостојност и независност треба да ја гарантира ---------- и се урива довербата на јавноста во судството во целина.

Во конкретниот случај судирот на интереси кај членот на ---------- е настанат во моментот на поднесување на Барањето за поведување на постапка за утврдување одговорност на судиите заради донесена одлука во предмет кој го изгубила странката, чиј полномошник е сестрата на тој член. Имајќи предвид дека членот на ------- не го повлекол поднесеното Барање се до завршување на расправата по истото пред Комисијата на известители, настанатиот судир на интереси повеќе не може да биде отстранет, а постапката преминала во следната фаза на расправа пред Судскиот совет во која тој член не учествува и повеќе не ни може да го отстрани настанатиот судир на интерес.

Со наведените дејствија односно пропуштања членот на ---------- постапил спротивно на член 73 став 1 и 75 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, со што сторил прекршок казнив по членот 107 став 1 алинеја 2 од истиот Закон, за што ДКСК ќе поведе постапка за порамнување со издавање прекршочен платен налог, а доколку службеното лице во законскиот рок не постапи според издадениот налог, ќе се поднесе Барање за поведување прекршочна постапка до Прекршочната комисија на ДКСК. Воедно, членот на ---------- постапил спротивно и на член 33 став 4 од Законот за судскиот совет.

Наведеното е основ за поведување на постапка за утврдување на одговорност на членот на -------- ----------, заради што Државната комисија согласно член 17 став 1 точка 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а во врска со член 73 став 1 и 75 став 1 од истиот Закон, ќе поднесе иницијатива до ------- на Република Северна Македонија за поведување на постапка за утврдување на одговорност на членот на --------, ---------- како и поради исполнетост на основите од членот 33 став 4 од Законот за

судскиот совет, а заради тоа што истата ги прекршила правилата за изземање во ситуации во кои знаела за постоење на основи за изземање со што влијае врз независноста на судиите и врши притисок во врска со одлучувањето по одредени предмети.

Согласно член 29 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси - --------- на Република Северна Македонија е должен во рок од 60 дена да ја извести Државната комисија за донесената одлука по однос на доставената иницијатива, а во случај на не постапување по наведениот член Државната комисија поведува прекршочна постапка.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

По заклучок од седница на ДКСК :
Изработил: м-р С.М., советник
Контролирал: К.З., раководител
Одобрил: м-р. Ц.Р., член на ДКСК